

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2024

www.dpd.org.mk



I. ЗА НАС

Ние сме доброволна, непрофитна и хумана организација од доменот на противпожарната заштита, која во континуитет работи и функционира од 1935 година. Со голема љубов и посветеност гаснеме пожари, во насока на зголемување на подобрена и сголемена безбедноста на целокупното население и природата. Нашите членови се секогаш подготвени да одговорат на потребите на заедницата, надополнувајќи го недостатокот од пожарникари во државниот противпожарен сектор. Секогаш подготвени преземање на:

🔥 Брзи и ефикасни интервенции при пожари, поплави, земјотреси, ерозии и останатите елементарни непогоди.
🚑 Разни технички интервенции.
📚 Едукативни и превентивни програми за градење свесни и совесни граѓани.
👶 Развивање на животни вештини за децата, младите и целокупната популација, кои не се дел од формалното образование.

II. НАШИТЕ ЦЕЛИ (2023 – 2026)

✅ Градење на функционална гаража за 6 противпожарни возила.
✅ Финансиска одржливост и долгорочна стабилност.
✅ Институционално јакнење на организацијата.

III. НАШАТА МИСИЈА

ДПД Свети Николе работи на превенција и заштита на животната средина од пожари и други штетни влијанија. Преку едукација и координација на граѓаните, организираме директни акции и интервенции за да го заштитиме нашето општество.

IV. НАШАТА ВИЗИЈА

Свети Николе да биде безбедна заедница на здрави, среќни и одговорни граѓани, кои активно придонесуваат за превенција од пожари и останати елементарни непогоди, градејќи хармонија помеѓу човекот и природата.

V. НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

ДПД Свети Николе се води од принципите на еднаквост, партиципативност и консензус. Нашата мисија е промоција на волонтеризмот, како и истакнување на вредностите на хуманоста, алтруизмот, филантропијата и другарството.

✍️ Нашето главано мото е:

„Не што општеството направило за Нас, туку што Ние можеме да направиме за него.“

РЕЗИМЕ

Во текот на 2024 година, нашата организација постигна значителни резултати во областа на противпожарната заштита, техничките интервенции, едукацијата и подобрувањето на инфраструктурата. Реализиравме повеќе од 120 активности, од кои оваа се главните активности и постигнувања:

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА

Интервенции и акции

- 34 урбани и шумски пожари успешно локализирани.
- 15 технички интервенции, вклучително спасувачки мисии и поддршка при непогоди.
- Вклученост на над 250 доброволни пожарникари во различни активности.

Реализирани проекти и во фаза на реализација

- Реализиран успешно проектот: „Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита“ Финансиран од CRM - Европскиот механизам за граѓанска отпорност. Дел од поширок проект поддржан од Европската Унија.
- Отпочнат проект: **ENSURE** (Erasmus+ Program) **Цел:** Подобрување на вештините на одговорните за итни случаи. Регистриран под грант договор 101187688 во рамки на ERASMUS-EDU-2024-PI-ALL-INNO.
- Продолжена реализација на проектот од програмата на ЕУ - **GROWTH**. Изработени 3 веб презентации со интегриран квиз. Изготвена материјал за за 3 модули: **Building Fires, Confined space и First Aid**, во насока на издавање на книга за 16-те проектни модули.

Донации и финансиска поддршка

Возила и опрема

- Противпожарно возило VOLVO FL6 (донација од Operation Florian, Велика Британија).
- 2 персонални компјутери (донација од „Донирај Компјутер“ – Кавадарци).
- Разна железарска роба (донација од „Елеја-Змај“ – Свети Николе).

Опрема и материјали

- Кујнска опрема, кревети и биро (донирани од „Стокиќ Хоум Центар“ – Свети Николе).
- 8 зимски гуми за ПП возила Ford Transit и Land rover Freelander (донација од „Ава-Сервис“ – Свети Николе).
- Клима уреди VIVAX 2,5Kw и Hisense 3,5Kw (донација од „Данита-Ник“ – Свети Николе).
- Донирани 2 PVC прозорци од страна на нашиот долгогодишен спонзор АЛЕКС Свети Николе.
- Акумулатори VESNA 75Ah (донирани од „ТАБ-МАК“ – Пробиштип).
- Постелнина (јорган, чаршафи, прекривачи и перници) - донација CALINA Свети Николе
- Прехранбени производи за пожарникарите (донации од „МИК“ – Свети Николе и млекара „Николови“).
- Традиционално спонзорство од страна на „Мечкуевска куќа - Пуже“, по повод патрониот празник „Богојавление“ и на сите активности за безбедност на населението и природата.
- Набавен телевизор VOX за подобри услови за следење на обуки на членовите на ДПД.
- Набавен акумулатор за ПП четирицкл CF MOTO.
- Набавена батериска 20 литарска пумпа.
- Набавени 60 метри огноотпорни високопритисочни црева за пумпа на четирицикл CF MOTO
- Набавена острилка на ланци за моторни пили.
- Набавени 2 електрични бокали Fuego.
- Купена машинка за пуканки.

Финансиска поддршка

- 81.100,00 МКД донации од индивидуални поддржувачи.
- 20.000,00 МКД спонзорство од „Македонија Осигурување“ VIENNA INSURANCE GROUP.

Учество во кампањи и обуки

- „Денови на донирање“ (4 настани, организирани од КОНЕКТ Скопје).
- Фондрајзинг платформа opop.mk, поддржана од КОНЕКТ Скопје.
- Обучени 15 членови на меѓународни вежби во Кучково – Скопје (IPA II Floods & Forest Fires).
- 50+ членови учествуваа на онлајн обуки и форуми.
- Работилница за шумски пожари во Брисел – Белгија (учесник - Александар Данев).

Логистички подобрувања и инфраструктура

- Формирана „Мрежа на Македонски доброволни противпожарни друштва“ со седиште во ДПД Свети Николе.
- Донација од страна на ДПД Свети Николе на противпожарно возило DENNIS на ДПД Пехчево.
- Набавка на 4 гуми за четирицикл Honda и сервис на противпожарен четирицикл CF MOTO.
- Посета на 22 претставници од Operation Florian (Велика Британија), при донацијата на VOLVO FL6 и донацијата на 3 ПП возила на ТППЕ Штип, ТППЕ Радовиш и ТППЕ Македонски Брод.

Јавна комуникација и медиумско присуство

- Реализирани повеќе репортажи за актуелни активности и предизвици во доброволното пожарникарство. Учество во подкасти посветени на заштита од пожари и граѓанска отпорност. Дадени интервјуа за државни, локални и меѓународни медиуми, со цел подигање на свеста за значењето на доброволните противпожарни друштва.

Заклучок

- Остварените резултати во 2024 година претставуваат значаен напредок во јакнењето на доброволниот противпожарен сектор во Северна Македонија. Благодарение на заложбите на нашите членови, партнерите и донаторите, продолжуваме да работиме на подобрување на противпожарната заштита, едукацијата и опремувањето на доброволните противпожарни друштва во државата.
- Во спроведувањето на годишната програма не се реализираа сите предвидени активности од аспект натоа што располагаме со скромните финансиски средства, обезбедени од страна на Градоначалникот преку програмата за поддршка на граѓанските организации. Тука е и незаинтересираноста и немањето на сенс од страна на надлежните државни чинители за противпожарната безбедност на населението и природата, како и тоталната инертност и незаитересираност на повеќето компании во општината и државата во насока на унапредување на состојбите во противпожарниот сектор во државата.

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2024 ФИНАНСИРАНА ОД СТРАНА НА ЕЛС СВЕТИ НИКОЛЕ

Во календарската 2024 година ДПД Свети Николе спроведе 80% од предвидените активности од својата годишна програма финансирана од страна на единицата на локална самоуправа Свети Николе.

ЕДУКАТИВЕН ДЕЛ - ОБУКИ

- **4** работилници по 5 работни часа за противпожарна тактика за гасење на шмски пожари на работилниците земаа активно учество 10 членови на ДПД;
- Спроведени 2 работилници за 8 учесници, за запознавање со постапките за реакција при настанување на урбани пожари;
- 8 - часовна едукација на 4 члена за запознавање со термални камери при настапување на акции за спасување и гасење при урбани пожари;
- Спроведена 12 часовна обука на 4 пожарникари за користење на дишни апарати;

ПРАКТИЧНИ ОБУКИ

- Спроведена 12 часовна обука на 2 тима од по 4 члена пожарникари за работа со 10,5 метарска скала и тренинг со ПП-млазници и ПП-црева (всмукувачки и потисни);
- Одржана 16 часовна обука на 4 пожарникари за работа за користење на 13,5 метарска ПП-скала и работа со сите видови на пумпи со кои располага ДПД;
- Трансферирана обука за користење на дишни апарати во времетраење од 12 часа на 2 тима од по 2 учесника;
- Едикација на 8 членови кадети за користење на 3 делана 6 метарска ПП скала и правилно користење на ПП црева, разделници, спојки и млазници.

НАСТАПУВАЊЕ НА ПОЖАРИ ВО 2024

Учество на повеќе од повеќе од 250 доброволни пожарникари во локализирањето на пожари во 2024 година на 34 пожари на целокупната територија на државата.















ВЕЖБИ 2024

ТЕРЕНСКА ВЕЖБА с. КУЧКОВО -општина Ѓорче Петров - теренската вежба на ИПА ФФ на земјите од Западен Балкан и Турција, во склоп на механизмот за цивлна заштита на Европската унија.













Проект GROWTH

За потребите на проектот се изработија три веб презентации со интегрирани квиз прашања. Исто така се направи материјал за издавање на книга за 16-те проектни модули. Нашата организација ги изработи подготовка и презентација за 3 модули: **Building Fires, Confined space и First Aid**.

Building fire

Kiril Mihajlov / Nikola S. Klemikov

2. General information on fire

2.1. Definition on fire

Fire is a rapid chemical reaction that releases heat, light, and various gases, typically accompanied by flames and combustion (NFPA 921 2017). It occurs when a combustible substance, such as wood, paper, fuel, or gas, reacts with oxygen in the presence of sufficient heat, resulting in the transformation of the substance into new compounds and the generation of thermal energy and visible light. Fire is a vital and potentially destructive natural phenomenon that has been harnessed by humans for various purposes throughout history. It is characterized by its ability to provide warmth, cook food, produce energy, and serve as a source of light, but it also poses significant hazards when not controlled or managed properly.

Fires are a fascinating and powerful natural phenomenon that have played a crucial role in the development of human civilization and the Earth's ecosystems.

In summary, fire is a multifaceted natural phenomenon that has shaped human history, ecosystems, and cultures in profound ways. While it continues to be a valuable tool for various purposes, managing and respecting its power is essential to prevent its destructive potential from causing harm to people and the environment.

2.2. General information about building fires

A building fire is a term used to describe a fire that occurs within a structure, such as a house, office building, industrial facility, or any enclosed space intended for human occupancy or use. Building fires can result from various causes, including electrical faults, heating equipment malfunctions, cooking accidents, arson, or other sources of ignition.



Figure 1. Building fire (industrial)

These fires pose significant risks to life and property, as they can spread rapidly, generate smoke and toxic gases, and lead to structural damage.

Cofined space

Nikola S. Klefnikov, MD



Figure 17: Retrieval and Lifting Equipment

8.2.2.5 Ventilation Equipment

Confined space ventilation equipment is essential for maintaining safe working conditions in enclosed or confined spaces where the air quality can deteriorate due to a lack of fresh air circulation. Confined space can be ventilated by way of forcing in fresh air that displaces contaminants and dilutes the stale or contaminated air already in the space. Exhaust ventilation uses an exhaust system to remove contaminants at the source.

Here are some common types of ventilation equipment used in confined spaces:

Ventilation Fans Portable ventilation fans "Figure 18", often equipped with flexible ducting, are used to provide fresh air or remove harmful gases from the confined space. They come in various sizes and airflow capacities to suit different applications.



Figure 18: Ventilation Fans

Blowers High-capacity blowers "Figure 19" can move a significant volume of air and are used in larger confined spaces or when a higher airflow rate is required. They are often used in combination with ducting.

First Aid

Growth 11 – First Aid 15

ASSESSING FOR CIRCULATION

Spend up to ten seconds checking the pulse. While you are doing this, look for other signs of recovery, such as return of color to the skin, and any signs of movement, for example breathing, swallowing or coughing.



checking the baby's pulse

Figure 14: Checking the baby's pulse

CHECKING THE PULSE BABY

Feel with two fingers for the brachia) pulse on the upper inside of the arm.

CHILD

Using two fingers, check the carotid pulse as for an adult.

2.7. What is the recovery position?

The recovery position, also known as the lateral recumbent position, is a safe and stable body position used to place an unconscious or unresponsive person who is breathing normally. It helps to maintain an open airway and prevent the person from choking on their own vomit or saliva. The recovery position also allows for drainage of fluids from the mouth to prevent aspiration.




Figure 15: How to put in recovery position



Figure 16: Recovery position

За учење на модулите ве молиме кликнете 2 (два) пати на линкот





— Проект

ENSURE – ТРИГОДИШЕН ПРОЕКТ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИТНИТЕ СЛУЖБИ

Од ноември 2024 година, започнавме со имплементација на тригодишниот проект ENSURE, кој има за цел да ја зголеми подготвеноста, издржливоста и иновациските капацитети на итните служби – пожарникари, тимови за пребарување и спасување, како и поддржувачкиот персонал.

Климатските промени сè почесто предизвикуваат екстремни временски непогоди и шумски пожари во Европа, создавајќи нови предизвици за службите кои се борат со овие катастрофи. Проектот ENSURE директно ги адресира овие предизвици преку унапредување на вештините на итните служби, подобрување на координацијата и воведување нови технологии.

Конзорциумот на ENSURE се состои од 19 партнери од 9 земји и 11 асоцирани партнери, кои заеднички применуваат модифициран Модел на Квадрупла Хеликс Иновации, фокусирајќи се на Технологија, Соработка, Човечка Издржливост и Вклучување на Заедницата. Главната цел е да се подобрат постојните компетенции на пожарникарите согласно ESCO 5411.1 профилот и да се предложи воведување на четири нови потпрофили:

✅ Технолог за одговор при катастрофи (DRT)
✅ Координатор за меѓународен одговор при катастрофи (IDRC)
✅ Офицер за отпорност и вклученост на заедницата (CREO)
✅ Тренер за ментално здравје и отпорност за итни служби (MHRTES)

Проектната методологија се базира на сеопфатна интервенција за градење капацитети, која вклучува отворени онлајн курсеви, виртуелно менторство, мобилност и обуки за обучувачи. Дополнително, **ENSURE Game** применува циклус на искуствено учење и учење преку игра за практична примена и континуиран професионален развој.

Нашето учество во ENSURE претставува значаен чекор во модернизацијата и унапредувањето на вештините на доброволните пожарникари, што ќе придонесе кон подобра заштита на локалните заедници од природни катастрофи.

ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ

Партнер	Држава	Адреса
PANEPISTIMIO PATRON (UP)	Грција	UNIVERSITY CAMPUS RIO PATRAS, RIO PATRAS 265 04
DIMOKRITIO PANEPISTIMIO THRAKIS (DUTH)	Грција	PANEPISTIMIOUPOLI RECTORATE BUILDING, KOMOTINI 691 00
ENOSI PTYCHIOYCHON AXIOMATIKON YPAXIOMATIKON PYROSVESTIROY SOMATEIO (EPAYPS)	Грција	PEIRAIOS 31, ATHINA N.ATTIKIS 10553
EDELWEISS (EDELWEISS)	Италија	VIA LEONI BRUNO 4, SOVERATO 88068
POMPIERS DE L'URGENCE INTERNATIONALE (PUI FRANCE)	Франција	1 AVENUE DE L ABATTOIR, LIMOGES 87000
JOHANNITER OSTERREICH AUSBILDUNG UND FORSCHUNG GEMEINNUTZIGE GMBH (JOAFG)	Австрија	IGNAZ KOCK STRASSE 22, WIEN 1210
ESCUELA ESPANOLA DE SALVAMENTO Y DETECCION CON PERROS (ESDP)	Шпанија	AVDA. PORTUGAL 54, MEJORADA DEL CAMPO 28840
ZDRUZENIE DOBROVOLNO PROTIVPOZARNO DRUSTVO SVETI NIKOLE (VFD)	Северна Македонија	CVETAN DIMOV 14, SVETI NIKOLE 2220
DIREKCIJA ZA ZASTITA I SPASUVANJE NA REPUBLIKA MAKEDONIJA (PRD)	Северна Македонија	STR VASKO KARANGELESKI NN KASARNA GOCE DELCHEV, SKOPJE 1000
INSTITUT INPRO AS (INPRO)	Чешка	SAMCOVA 1177/1, PRAHA 110 00
OLYMPIAKI EPAIDEFTIKI KAI SYMVOULEFTIKI EPE (OTC)	Грција	RIGA FERAIOU 113, PYRGOS 27131
PROMIMPRESA SOCIETA' BENEFIT SRL (Promimpresa)	Италија	VIA TRIESTE 90, SAN CATALDO 93017
LAND IMPRESA SOCIALE SRL (LAND)	Италија	VIA ROMA 94, PALERMO 90133
BEST INSTITUT FUR BERUFSBEZOGENE WEITERBILDUNG UND PERSONALTRAINING GMBH (BEST)	Австрија	MARIAHILFER STRASSE 8, WIEN 1070
CENTRO SUPERIOR DE FORMACION EUROPA-SUR SA (CESUR)	Шпанија	CALLE TOMAS HEREDIA 12, MALAGA 29001
CENTRUL PENTRU PROMOVAREA INVATARII PERMANENTE TIMISOARA ASOCIATIA (CPIP)	Романија	ALEEA INULUI 2 ET 4 AP 13, TIMISOARA 300415
ASSOCIATION OF CITIZENS OF A INTERNATIONAL INSTITUT OF DEVELOPMENT, EDUCATION AND SCIENTIFIC RESEARCH STABILITAS SKOPJE (STABILITAS)	Северна Македонија	HRISTO TATARCHEV 47/3-15, SKOPJE 1000
RESEARCH INNOVATION AND DEVELOPMENT LAB PRIVATE COMPANY (ReadLab P.C.)	Грција	PYLI 0, TRIKALA 420 32
READLAB BRUSSELS BV (READLAB BRU)	Белгија	COLLEGESTRAAT 27 2DE VERDIEPING, BRUSSELS 1780

Проект

„Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија“

ДПД Свети Николе успешно го реализираше проектот „Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од програмата на Европската унија за Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија. Овој проект беше спроведен во рамки на Механизмот за граѓанска отпорност на ЕУ, кој овозможува директна поддршка за граѓанските организации и градење на нивните капацитети.

Проектниот тим, организациските структури на нашата граѓанска организација и координаторот на проектот презедоа сите неопходни мерки за непречено и навремено спроведување на предвидените активности. Благодарение на добро поставената динамика, успешно беа реализирани сите планирани активности, со што се постигнаа значајни резултати:

- Посетени и мапирани се сите 18 активни доброволни противпожарни друштва (ДПД), при што беа потпишани Меморандум за соработка и Декларација за формирање на Асоцијацијата на македонски доброволни противпожарни друштва.
- Од 17.10.2023 до 20.10.2023 година во хотел Тино Свети Стефан - Охрид се одржа конференција за добри практики, каде што беа презентирани најнапредните противпожарни системи од земјите на Европската Унија и ИПА регионот (Австрија, Словенија и Хрватска).
- Разменети искуства со четири постоечки мрежи на доброволни организации во земјата, со цел подобрување на капацитетите и соработката меѓу противпожарните друштва.
- Подготвена и испечатена брошура за добри практики од најразвиените противпожарни системи во тираж од 100 примероци.
- Изработена, испечатена и дистрибуирана противпожарна боенка во тираж од 665 примероци, со цел едукација на младите за основните принципи на противпожарната заштита.
- Организирана еко-акција за чистење на излетничкото место Бареш - Ѓуриште, во која учествуваа 30 волонтери.
- Спроведена акција за пошумување на опожарена површина на локацијата Богословец, каде што 20 учесници помогнаа во обновувањето на природниот екосистем.

Овој проект заврши во март 2024 година, а неговата круна беше формирањето на Асоцијацијата „Мрежа на македонски доброволни противпожарни друштва“, со што се постави темел за поефикасна цивилна заштита и зајакнување на доброволниот противпожарен сектор во Република Северна Македонија.

ДПД Свети Николе останува посветено на зајакнување на соработката меѓу доброволните противпожарни друштва и унапредување на противпожарната заштита во земјата.





- Донатори и поддржувачи за побезбедна заедница и природа

Во текот на изминатиот период, ДПД Свети Николе доби значајна поддршка од различни компании и индивидуални донатори, кои со своите донации и спонзорства овозможија подобри услови за работа, опременост и функционирање на нашето хумано друштво.

- Опрема за функционирање и подобри услови за пожарникарите

- **Комплетна кујна, 9 кревети и 1 биро** – Донирани од „Стокиќ Хоум Центар“ – Свети Николе, со што се подобрија условите за престој и работа на нашите волонтери и гости.






- **Клима уреди VIVAX 2,5Kw и Hisense 3,5Kw** – Обезбедени преку донација и набавка од од „Данита-Ник“ – Свети Николе, со што се овозможија значително подобрени услови во просториите на ДПД за сите сезони.









- **Телевизор VOX** – Набавен со цел подобрување на условите за следење на едукативни обуки за членовите на ДПД.
- **Електрични бокали Fuego** - Набавени 2 еликтрични бокала за освежување на нашите ќленови, гостите и посетителите на нашата противпожарна станица.
- **Постелнина** - Донирани 5 комплета постелнина (јоргани, прективачи и перници од нашиот долгогодишен донатор CALINA - Donitex - Свети Николе.
- **Машина за пуканки** - Набавена машина за пуканки.








-Опрема за возилата и интервенции на терен

- 8 зимски гуми за ПП возилата Ford Transit и Land Rover Freelander – Донација од „Ава-Сервис“ – Свети Николе, овозможувајќи поголема безбедност и мобилност на возилата во зимски услови.







- **ТАВ - МАК Пробиштип Акумулатори VESNA 75Ah** – Донирани од „ТАБ-МАК“ – Пробиштип, со што се зголеми оперативноста и сигурноста на противпожарните возила и набавен акумулатор од од нашиот долгогодишен спонзор ТАБ-МАК Пробиштип за ПП четирицкл CF MOTO, што овозможува подобра подготвеност за брзи интервенции.





- **Набавени 60 метри огноотпорни високопритисочни црева** за пумпата на ПП четирицкл CF MOTO, овозможувајќи ефикасно гаснење на пожари во тешко пристапни терени.
- **Набавена батериска 20-литарска пумпа**, што значително го олеснува гаснењето на пожари на места каде што возилата не можат да пристапат.
- **Набавена острилка за ланци на моторни пили**, што придонесува за подобра функционалност на алатките при расчистување на терен.

Поддршка за пожарникарите

- Прехранбени производи – Донирани од „МИК“ – Свети Николе и млекара „Николови“, кои обезбедија основни прехранбени намирници за волонтерите ангажирани во противпожарните интервенции.
- Традиционално спонзорство од „Мечкуевска куќа - Пуже“ – Поддршка по повод патрониот празник „Богојавление“, како и за сите активности насочени кон безбедноста на населението и заштитата на природата.

Финансиска поддршка

- 81.100,00 МКД – Собрани преку донации од индивидуални поддржувачи, што сведочи за солидарноста и поддршката од заедницата.
- 20.000,00 МКД спонзорство од „Македонија Осигурување“ VIENNA INSURANCE GROUP, што помогна во набавка на неопходна опрема и подобрување на капацитетите на ДПД.

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP



- 2 Персонални компјутери DELL - Донација од „Донирај компјутер“ Борче Стаменов од Кавадарци, за подобрување на знаењата на кадетите и младите пожарникари од ИТ технологијата.



Благодарение на поддршка од ЕЛС Свети Николе, општествено одговорните компании и индивидуални донатори, ДПД Свети Николе продолжува со својата мисија за заштита на луѓето, имотот и природата. **Огромна благодарност до сите кои придонесоа кон нашето функционирање и развој!** 🚒🔥

OPERATION FLORIAN - ДОНАЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО - VOLVO FL6

- **Донирано противпожарно возило** VOLVO FL6 2007 **година комплетно опремено**, во насока на подобрување на капацитетите и оперативноста на ДПД Свети Николе. Огромна благодарност до проектниот менаџер Steve Jordan и целекупниот тим на нашиот стратешки партнер Операција Флоријан од Велика Британија .





- **Примопредавање на ПП возило VOLVO FL6 2007 година** комплетно опремено, од страна на Замениkikot Амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија Г-дин Daniel Fieller и Пректниот менаџер на Опрацију Флоријан Македонија Fire Area Manager Г-дин Steve Jordan, на церемонијата присуствуваше и градоначалникот Г-дин Дејан Владев.









ДОНАРАНО НАШЕТО ПП ВОЗИЛО DENNIS НА ДПД ПЕХЧЕВО

- Во 2024 година, со гордост и емоции, нашето противпожарно возило „Денис“ заврши една ера на пожртвувана служба во ДПД Свети Николе и започна ново поглавје во ДПД Пехчево. По 16 години активна и повеќе од успешна служба, безбројните различни видови на интервенции и заштитени имоти и природа, одлучивме ова прекрасно ПП возило да го дониграме на нашите браќа пожарникари од Пехчево, каде ќе продолжи да биде во служба на тамошната заедницата.
- Оваа донација не е само симболично предавање на клучевите од едно возило – тоа е симбол на солидарност, меѓусебна поддршка и континуитет во борбата против пожарите и останатите елементарни непогоди. Денисот беше сведок на првите чекори со нашиот стратегиски партнер Operation Florian, во насокот на креирањето на современ и модерен противпожарен сектор во државата, како и на нашето ДПД. Со заедничка посветеност и раст, сега ќе биде дел од истата приказна во друга заедница, за кое нешто бескрајно сме срекни.
- Се гордееме што со оваа донација ќе помагнеме во јакнењето на доброволното пожарникарство во Македонија и веруваме дека ДЕНИС-от ќе продолжи да спасува животи, имоти и да ја заштитува природата во Пехчево и регионот.
- Со оваа иницијатива, уште еднаш докажуваме дека братството и заедништвото се темелот на нашата мисија – секогаш во служба на народот и неговата безбедност!











СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ

МЕЧКУЕВСКА КУЌА „ПУЖЕ“ СВЕТИ НИКОЛЕ

Благодареност до нашиот традиционален долгогодишен спонзор Мечкуевска куќа Пуже Свети Николе за обезбедувањето на храна и освежување за нашите пожарникари, при настапувањето на разни интервенции и славењето на нашиот патрон ден Богојавление - Водици

МИК - СВЕТИ НИКОЛЕ

Традиционално спонзорство од страна на наш голем поддржувач „МИК“ за прославата по повод патрониот празник „Богојавление“ и при настапи на сите инциденти.

МЛЕКАРА НИКОЛОВИ - СВЕТИ НИКОЛЕ

Традиционално спонзорство од страна на наш голем поддржувач Млекара „Николови“ за прославата по повод патрониот празник „Богојавление“ и при настапи на сите инциденти.

АЛЕКС ВЛАТКО ДООЕЛ СВЕТИ НИКОЛЕ

Донација на 2 PVC прозорци, од традициналниот донатор Влатко и неговата општествено одговорна компанија АЛЕКС дооел Свети Николе, за подобра енергетска ефикасност на објектот на ДПД Свети Николе..



ЕЛЕЈА ЗМАЈ - СВЕТИ НИКОЛЕ

Донација на разна железарска роба од страна на општествено одговорната компанија и наш долгогодишен поддржувач Елеја-Змај Свети Николе.

OPERATION FLORIAN - GREAT BRITAIN

Посета на 22 претставници од Operation Florian (Велика Британија) на нашата ПП станица, при донацијата на VOLVO FL6 и донацијата на 3 ПП возила на ТППЕ Штип, ТППЕ Радовиш и ТППЕ Македонски Брод. Разговарано за унапредување на целокупниот ПП систем во државата, преку донација на ПП возила и бесплатни обуки на пожарникарите (професионални и доброволни).

РАБОРИЛНИЦИ, ФОРУМИ, ОБУКИ И КОНФЕРЕНЦИИ ВО 2024 ГОДИНА

Учество на повеќе од 50 наши членови на on-line работилници, форуми, работилници и обуки со физичко присуство, организирани и реализирани од МЦМС, Цивика Мобилитас, Конект Скопје, Граѓански ресурсен центар, Дирекција за заштита и спасување (ДЗС);














„Денови на донирање“ – Хуманоста и филантропијата во акција

Во текот на 2024 година, ДПД Свети Николе активно учествуваше на 4 настани во иницијативата „Денови на донирање“, организирана од КОНЕКТ Скопје. Учеството на настаните претставуваше можност за поврзување со граѓаните, претпријатијата и поддржувачите кои веруваат во нашата хумана мисија.

Преку „Денови на донирање“ беа собравме значајни финансиски средства за изградбата на гаража за нашите 6 ПП Возила, како и средства за подобрување на опремата на ДПД-ата во државата, обука на младите пожарникари и унапредување на капацитети за брза интервенција. Оваа иницијатива уште еднаш покажа дека заедничката солидарност и хуманоста се движечка сила во насока на подобрување на состојбата кај маргинилизираните групи и организации, кои за жал се запоставени од општествените чинители во државата.













Crown founding фондрајзинг платформа opop.mk – Нов пристап кон одржливоста на граѓанските организации

Во 2024 година, направивме значаен чекор, преку номинирањето на нашата организација од страна на КОНЕКТ Скопје, во дигиталниот свет на прибирање на финансиски средства за граѓанските организации преку crown founding платформата. Платформа opop.mk ни овозможи транспарентно и ефикасно да ја претставиме нашата работа, како и нашата фундаменталната потреба од изградба на функционална гаража за да ги заштитиме нашите 6 ПП возила од атмосферски влијанија, механички оштетувања и грабеж.


United community builds a garage – Rescue for the rescue fire vehicles


Every day we go to different jobs, but when there is a fire or an accident in the city and the surrounding area, we immediately engage to extinguish fires and rescue. The seventy-year-old garage does not offer conditions for the protection and safety of our fire trucks. A new garage is a prerequisite for new vehicles, and they, in turn, will help in protect

Completed

Volunteer fire department Sveti Nikole

Проблем или потреба во заедницата:

Dilapidated installations, decorative lamps or cigarette butts can turn to ashes the homes built for generations and as well as entire millennial forests. The state, the surrounding areas, as well as Sveti Nikole do not have the necessary fire protection. The capacities are very small, for that reason VFD Sveti Nikole is a necessary link to save lives, citizens' properties and the environment. That is why every volunteer and vehicle is important.


Донаторски фонд за заштита и превенција од пожари

Проблем или потреба во заедницата:

Нашето национално богатство од шуми ни гори пред очи! Затоа справувањето со пожарите стануваше предизвик кој бара вклученост од сите бидејќи моментално не можеме да се справи со чистите краеви. Особено загрижувачка е појавата на пожари во националните паркови низ државата. Создавме линија во прилог донаторски фонд за превенција, заштита, интервенции и справување со последиците од пожарите.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	235.462,00			328.065,00
202	- - Потрошени материјали	106.466,00			49.360,00
203	- - Потрошена енергија	31.212,00			40.857,00
204	- - Други услуги	9.768,00			77.921,00
210	- - Други материјални расходи	88.016,00			159.927,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	317.384,00			1.388.020,00
212	- - Провизија за платен промет	13.175,00			14.706,00
214	- - Премии за осигурување	11.081,00			
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните				1.367.571,00
217	- - Негативни курсни разлики	5.431,00			5.743,00
219	- - Други расходи	287.697,00			
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)	5.190,00			141.043,00
224	- - Средства за опрема	5.190,00			141.043,00
226	- - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229)	6.000,00			5.000,00
227	- - Помошти, донации и други давања на субјекти	6.000,00			5.000,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	564.036,00			1.862.128,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	1.727.770,00			3.184.100,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	1.727.770,00			3.184.100,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	2.291.806,00			5.046.228,00
243	- - Приходи од камати и позитивни курсни разлики	1.065,00			4.433,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	2.036.451,00			3.314.025,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	254.290,00			1.727.770,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	2.291.806,00			5.046.228,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	2.291.806,00			5.046.228,00

СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
4631	- 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.				5.046.228,00

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	2.210.472,00	4.345.160,00	2.194.446,00	2.150.714,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	2.210.472,00	4.345.160,00	2.194.446,00	2.150.714,00
6	- - Опрема	2.210.472,00	4.345.160,00	2.194.446,00	2.150.714,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	1.727.770,00	3.184.100,00		3.184.100,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	1.727.770,00	3.184.100,00		3.184.100,00
12	- - Жиро сметка	378.349,00	659.558,00		659.558,00
14	- - Девизна сметка	1.349.421,00	2.524.542,00		2.524.542,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	3.938.242,00	7.529.260,00	2.194.446,00	5.334.814,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	2.210.472,00			2.150.714,00
45	- - Деловен фонд	2.210.472,00			2.150.714,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	1.727.770,00			3.184.100,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	1.727.770,00			3.184.100,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	3.938.242,00			5.334.814,00

ДРЖАВНА ЕВИДЕНЦИЈА

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста тековна година	Нето за тековна година
688	- - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР)	15.000,00			341.098,00
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	1.761.451,00			2.563.827,00

РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	1.727.770,00			3.184.100,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	1.727.770,00			3.184.100,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	1.727.770,00			3.184.100,00

www.dpd.org.mk

Годишен
ИЗВЕШТАЈ
2024



facebook.com/dpd.org.mk

dpdsvetinikole@gmail.com

dpd_svetinikole

Цветан Димов 14
2220 Свети Николе

